**Огласи**

6.1. Уделите во Новоснованото друштво ќе бидат преземени од страна на содружниците на Друштвото согласно член 4 од ова известување.

6.2. Содружниците ги стекнуваат сите права поврзани со сопственоста на уделите во Новоснованото друштво по Денот на поделба.

7. Датум на запирање на деловните активности на Друштвото

7.1. Деловните активности на Друштвото нема да бидат запрени по поделбата, и Друштвото ќе продолжи со извршување на досегашната дејност.

7.2. Деловните активности на Новоснованото друштво започнуваат со Денот на поделбата.

7.3. До (вклучувајќи го и) 31.12.2023 година, сите зделки на Друштвото поврзани со имотот и обврските, предмет на пренос со Планот за поделба, од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како зделки на Друштвото, а од (вклучувајќи го и) 1.1.2024 година, таквите зделки ќе се сметаат како зделки извршени од Новоснованото друштво.

8. Посебни погодности на управителите

Не се утврдуваат никакви посебни погодности на управителите на Друштвото и Новоснованото друштво кои би произлегле од поделбата.

9. Услови под коишто на дел од вработените на Друштвото ќе им продолжи работниот однос во Новоснованото друштво

9.1. Со поделбата нема да се врши пренос на вработени од Друштвото, на Новоснованото друштво. Односно, ниту еден вработен од Друштвото нема да го продолжи својот работен однос во Новоснованото друштво.

10. Увид во Планот за поделба на Друштвото и прилозите кои се составен дел на истиот

Планот за поделба на Друштвото и прилозите кои се составен дел на истиот се ставени на увид на содружниците во просториите на седиштето на Друштвото, и тоа секој работен ден од 10:00 часот до 14:00 часот, во рок од еден месец сметано од денот на објавувањето на ова Известување.

НУТРИВЕТ ДОО Скопје
Полномошник Адвокатско
друштво Папазоски и Мишев
Адвокат,
Васко Соткароски, с.р.
(58530)

---

ОБЈАВА
ЗА ИЗВРШЕНА ПРЕДБЕЛЕЖБА ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР НА ПЛАН ЗА ПОДЕЛБА НА ДРУШТВО СО ИЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ НА НОВО ДРУШТВО

Врз основа на член 522 став 1 и став 3 од Законот за трговските друштва на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 28/2004 и неговите подоцнежни измени), Заштитното друштвото за производство, трговија и услуги НУТРИВЕТ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Лисец“ бр. 1 Б, Скопје, со ЕМБС 5756430 и ЕДБ 4030003478000, претставувано од управителот Станко Смиленовски од Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво Папазоски и Мишев, Адвокат Васко Соткароски, објавува:

Со Решение со деловоден број 35020240018540 од 31.7.2024 година на Централниот регистар на Република Северна Македонија извршена е предбележба на План за поделба на Друштвото со издвојување со основање на ново друштво во форма на нотарски акт ОДУ бр. 1486/2024 од 30.7.2024 година, составен и заверен од Нотар Ана Дојчиновска од Скопје. Планот предвидува од Заштитното друштвото за производство, трговија и услуги НУТРИВЕТ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Лисец“ бр.1 Б, Скопје, со ЕМБС 5756430 и ЕДБ 4030003478000, во постапката за издвојување со основање да се издвои и основа Друштвото за производство, трговија и услуги НУТРИВЕТ РЕСАЈКЛИНГ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Лисец“ бр.1 Б, Скопје.

На Планот за поделба и прилозите кон истиот може да се направи увид во време и место наведено во Известувањето за донесениот План за поделба на друштво со издвојување со основање на ново друштво, објавено во Службен весник на Република Северна Македонија.

НУТРИВЕТ ДОО Скопје
Полномошник Адвокатско
друштво Папазоски и Мишев
Адвокат,
Васко Соткароски, с.р.
(58531)

## КОНКУРСИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

КОНКУРС
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛИ

Врз основа на член 34, а во врска со член 74 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20 и 154/23), Министерството за правда распишува Конкурс за именување на три извршители и тоа:

- еден за подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – на местото на извршителот Фанија Каламатиева, на која ѝ престана должноста извршител;
- еден за подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – на местото на извршителот Христо Јованов, на кого му престана должноста извршител;
- еден за подрачјето на Основниот суд во Струмица и Основниот суд во Радовиш – на местото на извршителот Саветка Георгиева од Струмица, на која ѝ престана должноста извршител.

1. Кандидатот за извршител треба да ги исполнува условите предвидени во членот 33 од Законот за извршување, и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е деловно способен и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;
- да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни судии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
- да има положено правосуден испит;
- да има положен испит за извршител;
- да има работно искуство на правни работи најмалку пет години по завршувањето на правни студии VII/1 степен или 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);

-активно да го владее македонскиот јазик;

-да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, или да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

-да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршни работи и

-да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.

2. Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да приложат: кратка биографија, уверение за државјанство, уверение за деловна способност, лекарско уверение за општата здравствена состојба издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот кое не е со изминат рок од 12 месеци, диплома за завршен правен факултет, уверение за завршен правен факултет, доказ за работно искуство односно потврда за работно искуство на правни работи по завршување на правни студии, уверение за положен испит за извршител, уверение за положен правосуден испит, уверение за неосудуваност, уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење на професијата извршител, изјава заверена кај нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршните работи и изјава заверена кај нотар за својата имотна состојба.

3. Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати е 15 дена, сметано од денот на објавување на Конкурсот во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Пријавите со прилози (во оригинал или фотокопии заверени кај нотар) со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител, предвидени во членот 33 од Законот за извршување, се поднесуваат писмено до Комората на извршители на Република Северна Македонија.

5. Извршителот кој ќе биде именуван на местото на извршителот чија должност престанала ќе ги преземе предметите и ќе продолжи со работа во канцеларијата на извршителот чија должност престанала.

Министер за правда,
Игор Филков, с.р.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### О Г Л А С
### ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 12703/2024**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: ЈОУД - Детска градинка „Олга Мицеска“ - Кичево**

I.1.2) Адреса: „11-Септември“ бр.89

I.1.3) Град и поштенски код: Кичево - 6250

I.1.4) Интернет адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Вера Симјаноска адреса на е-пошта: olga_miceska@yahoo.com телефон/факс: 077/609-695

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: на горенаведената адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – член 9, став 1, алинеја б) од Законот - Социјална заштита

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:**

**Набавка на прехранбени продукти, пијалаци, земјоделски производи и средства за хигиена**

II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки - Купување

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: ЈОУДГ ОЛГА МИЦЕСКА КИЧЕВО

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

подетален опис во техничка спецификација во тендерска документација

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

15000000-8 - Прехранбени производи, пијалаци, тутун и сродни производи

II.9) Делива набавка: Да

Број на делови за кои можат да се поднесат понуди: Сите делови

Дел број. Опис на делот за набавка

1. Леб и бели пецива

2. Прехрамбени производи и пијалоци-

3. Земјоделски производи

II.10) Рамковна спогодба: Не

II.11) Алтернативни понуди Не

II.12) Времетраење на договорот:

Период во месеци: 12

II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: Отворена постапка

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Да

Дополнителни информации за причините за намалување на роковите на постапката за доделување на договор за јавна набавка

- намалување на роковите поради итни причини

III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена

III.4) Електронска постапка? Да

III.5) Електронска аукција? Не

ДЕЛ IV: ПРАВНИ,ЕКОНОМСКИ,ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата: Не

IV.1.2) Изјава за сериозност: Да

IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Не

IV.1.4) Авансно плаќање: Не

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи